РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-357
17.11. 2023 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 80 ставови 7, 8 и 9 од истиот Закон, точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика арх.бр.01-546/1 од 04.02.2019 година, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3647/1 од 04.10.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-4225/5 од 16.11.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 37-та седница одржана на 16.11.2023 година, го донесе следното

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното трговско друштво (РТД) СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, заради извршена повреда на член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, на начин што радиодифузерот во рамките на својот радио програмски сервис, на 4-ти септември 2023 година, не емитуваше најмалку 10% музика на македонски јазик во периодот од 6 до 00 часот, од вкупно емитуваната музика во анализираното деноноќие.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3647/1 од 04.10.2023 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - јавна опомена во случаите кога е констатирано непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 80 став 7 од ЗАВМУ, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои што на почетокот на календарската година доброволно ќе пријават во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги процент на емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници, за истиот процент ќе добијат намалување на висината на надоместокот за лиценца. Минималното намалување на надоместокот за лиценца по овој основ може да биде 10%, а максималното намалување до 30%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои емитуваат музика повеќе од 30% на македонски јазик и етничките заедници, не може да добијат намалување на надоместокот за лиценца повеќе од 30% (член 80 став 8 од ЗАВМУ). Советот на Агенцијата, согласно член 80 став 9 од истиот Закон, ќе донесе подзаконски акт со кој ќе утврди план за времето и жанрот за емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници за трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио.

Советот на Агенцијата на 04.02.2019 година донесе Насоки за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика арх.бр.01-546/1 од 04.02.2019 година, со кои се утврди начинот на имплементација на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗАВМУ, кои овозможуваат трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио, да добијат намалување на висината на надоместокот за дозвола за радио емитување согласно со процентот инструментална музика од македонски автори, вокална и/или вокално – инструментална музика на јазикот/јазиците на кој/кои ќе се емитува говорниот дел од програмата, што пријавиле дека ќе го емитуваат во текот на денот. Согласно точка 14 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, истите беа објавени на веб страницата на Агенцијата на 04.02.2019 година.

Во точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, утврдено е дека радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 часот до 00 часот.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 4-ти октомври 2023 година, изврши редовен програмски надзор, при што констатираше дека на 4-ти септември 2023 година, радио програмскиот сервис на РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, сторил прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗАВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, односно дека не емитувал најмалку 10% музика на македонски јазик во периодот од 6 до 00 часот, од вкупно емитуваната музика во анализираното деноноќие.

Со допис, наш арх.бр.03-4676/1 од 19.12.2022 година, РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје ја извести Агенцијата дека на дневно ниво ќе емитува 10% музика на македонски јазик и етничките заедници во Република Македонија. Врз основа на добиеното известување, а во согласност со член 80 став 7 од ЗАВМУ, Агенцијата издаде Фактура бр. 2023-100-0042 (наш арх. бр. 05-150/1) од 12.01.2023

година, во која беше пресметано намалување од 10% на надоместокот за дозвола за радио емитување за 2023 година.

Во согласност со член 80 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, Советот на Агенцијата определи дека радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски јазик и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 часот до 00 часот, со жанровска одредница каква што пријавиле во програмските концепти што се составен дел на дозволите за радио емитување.

Имајќи предвид дека РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје има дозвола за емитување програма на македонски јазик, доброволно преземената обврска за емитување домашна музика треба да ја остварува со емитување вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или емитување на инструментална музика од автори од Република Северна Македонија.

Со надзорот спроведен на 4 октомври 2023 година, беше констатирано дека радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, на 4 септември емитуваше вкупно 2 часа 37 минути и 47 секунди вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, што е 12.51% од вкупно емитуваната музика (21 час и 49 секунди) во анализираното деноноќие.

Во периодот од 6 до 00 часот, како што пропишува точка 4 од Насоките донесени од Советот на Агенцијата, емитуваше 1 час 54 минути и 35 секунди вокално-инструментална музика на македонски јазик, што е 9.09% од вкупно емитуваната музика (21 час и 49 секунди) во анализираното деноноќие.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3647/1 од 04.10.2023 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, испрати Допис арх.бр.10-3647/2 од 09.10.2023 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3647/1 од 04.10.2023 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 10.10.2023 година. Во предвидениот рок, РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 16.11.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, член 80 ставови 7, 8 и 9 од истиот Закон, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, точка 6 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3647/1 од 04.10.2023 година, поради констатирано непочитување на одредбите на ЗАВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 37-та седница одржана на 16.11.2023 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4225/5 од 16.11.2023 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова

Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3647/1 од 04.10.2023 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје;
- Управителот на РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје;
- Одговорното лице на програмата во РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата
за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

04.10.2023

10 3647 1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 септември 2023 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 октомври 2023 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*(7)Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои што на почетокот на календарската година доброволно ќе пријават во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги процент на емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници, за истиот процент ќе добијат намалување на висината на надоместокот за лиценца. (8)Минималното намалување на надоместокот за лиценца по овој основ може да биде 10%, а максималното намалување до 30%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои емитуваат музика повеќе од 30% на македонски јазик и етничките заедници, не може да добијат намалување на надоместокот за лиценца повеќе од 30%. (9)Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе донесе подзаконски акт со кој ќе утврди план за времето и жанрот за емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници за трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио*);

- **Точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година** (*Радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 часот до 00 часот*).

- **Точка 5 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година** (*Радио програмските сервиси се должни да емитуваат музика на македонски и на јазиците на етничките заедници со*

*жанровска одредница каква што пријавиле во Програмскиот концепт, кој што е составен дел од нивната Дозвола за радио емитување*).

- Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на радио);

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 4 септември 2023 година, на регионално ниво, **е констатирано прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика.** (*Радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 до 00 часот*).

Со допис, наш арх. бр. 03-4676 од 19.12.2022 година, Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје ја извести Агенцијата дека на дневно ниво ќе емитува 10% музика на македонски јазик.

Врз основа на неговото известување, а во согласност со член 80 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата му издаде Фактура бр. 2023-100-0042 (наш арх. бр. 05-150/1) од 12.01.2023 година, во која беше пресметано намалување од 10% на надоместокот за дозвола за радио емитување за 2023 година.

Во согласност со член 80 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, Советот на Агенцијата определи дека радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски јазик и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 часот до 00 часот, со жанровска одредница каква што пријавиле во програмските концепти што се составен дел на дозволите за радио емитување.

Имајќи предвид дека Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје има дозвола за емитување програма на македонски јазик, доброволно преземената обврска за емитување домашна музика треба да ја остварува со емитување вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или емитување на инструментална музика од автори од Република Северна Македонија.

Со надзорот спроведен на 4 септември 2023 година, беше констатирано дека радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, емитуваше вкупно 2 часа 37 минути и 47 секунди вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, што е 12.51% од вкупно емитуваната музика (21 час и 49 секунди) во анализираното деноноќие.

**Во периодот од 6 до 00 часот, како што пропишува точка 4 од Насоките** донесени од Советот на Агенцијата, **емитуваше 1 час 54 минути и 35 секунди вокално-инструментална музика на македонски јазик, што е** <u>9.09%</u> **од вкупно емитуваната музика** (21 час и 49 секунди) во анализираното деноноќие.

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, на 4 септември 2023 година, не емитуваше најмалку 10% музика на македонски јазик во периодот од 6 до 00 часот, од вкупно емитуваната музика во анализираното деноноќие.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата, во согласност со член 23 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ – Скопје, а во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика.

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена, по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

- Доколку со контролниот надзор се утврди дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) не постапил по изречената мерка јавна опомена, Советот на Агенцијата во согласност со точка 13 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика (бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година) да донесе решение со коешто ќе го задолжи Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, да го доплати износот за којшто на почетокот од годината му беше намален надоместокот за дозвола за 2023 година.

*Сектор за програмски работи*